View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE
provided by UGD Academic Repository

Јованка *ДЕНКОВА*

# ЖИВОТОТ СЕПАК Е УБАВ

(*Ден потоа*, Васил Тоциновски, Детска радост, Скопје, 2001)

Романот ***Ден потоа*** од Васил Тоциновски, објавен 2001 во издание на Детска радост, е еден од оние романи кои се ориентирани кон живеењето на современиот млад човек. Во него, преку интересна опсервација на секојдневните активности на група млади, се прикажани дилемите со кои се соочуваат младите во современото бурно живеење. Значајно место заземаат и секојдневните социјални и економски движења во општеството се реперкуираат и врз семејниот и емотивниот живот на младите. Авторот зафаќа актуелни настани кои ја зафатија нашата држава по осамостојувањето: приватизацијата, отпуштањата од работа, безработицата и рефлесиите на сите тие настани врз луѓето, особено семејствата: *Тоа па тоа, безработица, нови затворени фабрики и нови стечајни работници, штрајкови и убиства. Како да се превртел целиот свет и ништо убаво не се случува* (16).

Во центарот на авторовиот интерес е една помала група на млади студенти. Времето на одвивање на дејството е летниот период, во време на траењето на јунската испитна сесија на скопскиот универзитет, кога оваа група млади луѓе приврршуваат со предавањата и се подготвуваат за полагање на испитите во јунската испитна сесија.

Атмосферата на целиот роман е тегобна, се чувствува некоја неподнослива омарнина, често лијат поројни дождови, небото е постојано црно, облачно и застрашувачко, со што авторот ја засилува импресијата за бурни, решавачки настани: *Некој чуден ден со триста ума кој во своето кратко времетраење ги претури сите годишни времиња. Сонцето како да потона вземи, небото стана црно и застрашувачко. Одеднаш завладеа ноќ, иако пролетното попладне само што се беше отворило како школка. ..Како да натежнал тежок сон, та и времето и животот застанале на едно место*(1).[1] Само одвреме навреме ќе се почувствува некое разведрување на времето и тоа особено кон крајот на романот, со што како да се навестуваат идните светли перпективи на ликовите.

Централен лик е Дарко, студент кој истовремено вредно работи во еден скопски ресторан со цел да си финансира екскурзија и да им помогне на родителите. Во романот се дадени неговите средби, разговори и дружби со пријателите и колеги од факултетот: Марко, секогаш подготвен за забава со разновидни девојки, Мирјана, девојка на Дарко и други.

Навидум, романот не донесува ништо драматично, меѓутоа како што тече дејството настаните откриваат не толку надворешна, колку внатрешна драматика. Дејството почнува да се заплеткува кога сакајќи да ја одбрани Мирјана од напасници и насилници, Дарко запаѓа во незавидна ситуација, опасна по неговиот живот. Од сигурен ќотек, со своето знаење во каратето, го спасува непознато момче кое е редовен гостин во неговиот ресторан: *Ова место беше неговиот таинствен остров на среќа и задоволство. Тука соновите му стануваа реалност, душата му беше мелем за сите рани, а мешето наполнето со храна задоволно кркореше* (7). Од тој миг, Дарко е опседнат со мислата за непознатото момче, чие име никој не го знае. Започнува вистинска потрага на Дарко и Мирјана по идентитетот на непознатото момче, која ќе ги однесе во запустени и опасни делови од градот и

[1] Цитатите се од книгата *Ден потоа*, Васил Тоциновски, Детска радост, Скопје, 2001.

каде Дарко одблиску ја запознава средината и семејството од каде момчето потекнува. Конечно, откако го пронаоѓаат карате клубот каде Јованче (непознатото момче) тренира, Дарко сфаќа дека Јованче е петнаесетгодишен основец, кој се оттргнал од своето семејство заради неморалниот живот на мајка си, но и момче кое животот не го милувал и го принудил прерано да порасне, заради што и изгледал повозрасно.

Безперпективноста на животот што го живее ќе го одведе Јованче во толку голема малодушност, што тој помислува и на самоубиство. Во тие решавачки мигови, Јованче губи верба во животот, потклекнува, но разговорите со Мирјана и Дарко му помагаат да ги надмине очајот и малодушноста и да остане цврст во настојувањето да се остане чист меѓу сите гадости на животот: *Точно знаеше дека оној ден кога го сретна него, тој беше причината да го смени целиот негов живот. Во патилата и црнилата на душата тоа беше точно одбележано. Линијата беше повлечена и јасно ги одбележуваше границите на можното и невозможното, меѓу сонот и реалноста, меѓу убавото и грдото, меѓу чудесното и прекрасното* (7). Посебно зборовите на Мирјана му делуваат поткрепувачки и отрезнувачки: *Што било да ти се случува, што било да те снајде, колку било да си повреден или едноставно уништен, вербата во себе никогаш не смееш да ја изгубиш. Напротив, секој ден едноставно ќе тренираш што повеќе да ја зацврстиш во себе* (59).

Како надоаѓање на свеж ветрец се чувствува организирањето на Студентски спортски игри, каде во дисциплината пливање учествуваат и Дарко со пријателите, но победата им ја донесува Јованче, по што стануваат неразделни пријатели.

И покрај разликата во годините, Дарко се чувствува необично привлечен од ова момче, кое преку спортот се обидува да опстане во суровиот свет. Токму спортот е оној спас кој на крај ќе му понуди поубави перспективи во натамошниот живот, бидејќи неговиот тренер го спрема за државно првенство, за да може да добие и стипендија, која ќе му помогне понатаму да се образува. Крајот на романот е обоен во светли тонови, зашто, сметајќи го за помал брат, Дарко го повикува Јованче да живее во неговиот дом, сакајќи со тоа да му покаже дека животот сепак е убав. Семејството на Дарко е типично средноимотно македонско семејство, зафатено од виорот на транзицијата. Во неговото семејство, при секојдневното пиење кафе се дискутира за проблемите, се бараат начини како тие да се надминат, а воедно родителите безрезервно ја изразуваат својата гордост и подршка кон нивниот Дарко. Од тие причини, Дарко го зема малиот Јованче под закрила на своето семејство.

Романот ***Ден потоа*** на едноставен и ненаметлив начин афирмира една идеја за безизлезот во кој се наоѓаат современите млади луѓе. Среде бурните општествено-економски движења, кои предизвикуваат потреси во сите сегменти од современото живеење и најмногу се одразуваат врз семејните и емотивните односи меѓу младите, младиот човек понекогаш останува замислен за идните перспективи. Не наоѓајќи помош и поттик за своите амбиции и идеи, понекогаш се наоѓа во опасност да се оддаде на лагоден живот, исполнет со забава и мноштво непромислени постапки, кои, на крај, ќе го одвеат или во прегратките на злото на современото живеење – дрогата, или, пак, како младиот и непромислен Марко, ќе го доведат во ситуација да мора да се посвети на семејството кое надоаѓа и да заборави на момчешкиот живот.

Како круцијална идеја која ненаметливо како златна нишка се провлекува низ овој младешки роман за млади е сознанието дека единствено активистичкиот и витален однос кој животот е единствениот начин да се осознае неговата убавина. Воедно, авторот ја застапува идејата дека

спортувањето е начинот на кој на младите можат да им се отворат нови, поубави перспективи, да не се оддадат на безделничењето, а најважно од сè, преку спортот им се дава можност да се осознаат себеси, да застанат цврсто пред дилемите кои им ги наметнува животот и никогаш да не се предаваат.